НА 25 ФЕВРУАРИ ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА



Водителот Сашко Коцев и овој пат подготвува оригинално сценарио

# Златна бубамара на популарноста по 13-ти пат

"Златна бубамара на популарноста" по 13-ти пат ќе се одржи на 25 февруари во Универзалната сала. Популарната манифестација која секоја година ги наградува најдобрите од музиката, спортот, медиумите, театарот и годинава ќе понуди неповторливо шоу, велат организаторите.

Сопственикот на Радио Бубамара Ранко Петровиќ и водителот на шоуто Сашко Коцев уште од сега го осмислуваат сценариото, и не сакаат да ги откриваат балканските и домашните ѕвезди кои ќе настапат.

- Како и секогаш, сценариото и добитниците на наградите се чуваат во тајност. Во изминативе 12 години Бубамара успеа да стане најдоброто шоу од ваков тип на Балканот. Среќни ќе бидат оние што ќе дојдат до билети кои во изминативе години се продаваа за само неколку часа. Најпопуларните од јавниот живот, и оваа година ќе се позлатат со ова високо признание за нивната успешна работа во изминатава година-, велат од тимот на Бубамара.

Неофицијално дознаваме дека засега на листата на учесници се Масимо Савиќ и Бајага, а се преговара со уште неколку балкански и македонски музички ѕвезди.

**(М.Ц.)**